www.opstinacentar.gov.mk





# СОЦИЈАЛНА КАРТА

на

ОПШТИНА ЦЕНТАР

Скопје

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ЦЕНТАР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

www.cccentar.mk

# СОЦИЈАЛНА КАРТА

на

## ОПШТИНА ЦЕНТАР

Скопје



Скопје, јануари 2016

**Издава:** Општина Центар - Скопје

**За издавачот:** Андреј Жерновски, градоначалник

**Автор:** проф. д-р Маја Геровска Митев

**Асистенти:** Драгана Дрндаревска и Весна Михајлова Куковска

**Лектура:** Силвана Блажева

**Ликовно-графичко обликување:** Бригада дизајн

**Печати:** ТД ГЕНЕКС, Кочани

**Тираж:** 300

Бесплатен/некомерцијален тираж

**CIP** - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

352:[314:364(497.711)(083)

ГЕРОВСКА Митев, Маја
Социјална карта на општина Центар Скопје / [автор Маја Геровска Митев]. - Скопје : Општина Центар, 2016. - 40 стр. : граф. прикази ; 24 см
Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр.34-36

ISBN 978-9989-2370-6-5

I. Митев, Маја Геровска види Геровска Митев, Маја
а) Општина Центар - Популација - Социјален статус - Статистички податоци б) Општина Центар - Социјална политика - Унапредување

COBISS.MK-ID 100759818

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Изготвувањето на социјалната карта на Општина Центар е финансиски поддржано од Фондацијата Отворено општество – Македонија

# СОДРЖИНА

Резиме ....... 5

Вовед ....... 7

Методологија ....... 8

1. Демографски податоци за општина Центар ....... 10
2. Домување ....... 15
3. Пазар на труд ....... 16
4. Образование ....... 21
5. Пензиско и инвалидско осигурување ....... 23
6. Здравствено осигурување ....... 25
7. Социјална заштита ....... 27
8. Детска заштита ....... 29
9. Корисници на услуги од здруженија на граѓани што работат на територија на општина Центар ....... 31

Користена литература и референци ....... 34

# РЕЗИМЕ

Социјалната карта што првпат се изработува за општина Центар претставува обид да се претстават актуелните социоекономски и демографски специфики на општината. Поради недостиг на официјални статистички извори на податоци (нов попис, процени на население за општина Центар), за изработка на социјалната карта во најголема мера се користени административни извори на податоци. За таа цел, прикажаните состојби може да претставуваат индикација и ориентир за натамошно преземање на мерки и услуги на локално ниво, насочени кон идентификуваните социјални ризици и социјално ранливи категории.

Демографските податоци укажуваат на зголемување на бројот на населението во општината. Во социјалната карта се презентирани повеќе процени на населението, според кои вкупниот број на население во 2014 година во општина Центар се движел меѓу 47.392 и 61.664 жители. Според возрасната структура, доминираат лица на возраст од 31 до 60 години (42,7%), по што следуваат лица на возраст од 0 до 18 години (27,7%), потоа повозрасни лица над 60 години (15,3%) и лица на возраст од 19 до 30 години (14,1%). Според стапката на природен прираст во 2014 година, општината е четврта, од вкупно десет во градот, по старост на нејзиното население.

Од аспект на домувањето, податоците укажуваат дека бројот на новоизградени станови во општината, во периодот од 2003 до 2014 година, се зголемил за 23,5% во споредба со 2002 година. Така, во 2014 година во општина Центар вкупниот број на станови изнесувал 23.272.

Податоците поврзани со пазарот на труд покажуваат дека во општина Центар има нагорен тренд на бројот на активни деловни субјекти, особено во однос на микропретпријатијата. Од аспект на сектори на дејност, доминираат деловни субјекти што работат со трговија на големо и на мало. Во согласност со состојбите со регистрираната невработеност во Агенцијата за вработување на РМ, вкупниот број на регистрирани невработени од општина Центар во ноември 2015 година изнесувал 3.381 лице. Во оваа бројка влегуваат лицата што активно бараат работа (44,8%), како и другите невработени (55,1%). Врз основа на споредбите со другите општини во градот, може да се увиди дека во општина Центар, заклучно со ноември 2015 година, живеат вкупно 7,3% од вкупниот број на регистрирани невработени во град Скопје. Во профилот на лица што се регистрирани како невработени во АВРМ, со место на живеење во општина Центар, доминираат: а) според возраст – повозрасни лица од 60 и повеќе години; б) според пол – нема значителни разлики меѓу обемот на невработени мажи и жени; в) според образовни квалификации – високообразовани лица; г) според должина на чекање вработување – краткорочно невработени; и д) според националност – Македонци. Од вкупниот број на регистрирани невработени од општина Центар, мал дел, односно 1,2%, се инвалидни лица. Профилот на невработени инвалидни лица покажува дека доминираат лица со пречки во психофизичкиот развој, како и лица со телесна инвалидност.

Состојбите со вклученоста во основното образование во општина Центар покажуваат нагорен тренд, гледано во изминатите пет години. Вклученоста во основното образование меѓу девојчињата и момчињата во општина Центар не упатува на значителни разлики. Врз основа на запишаниот број на ученици и бројот на наставници во основните училишта во општина Центар, може да се забележи дека соодносот ученик – наставник во општина Центар е 13:1. Сепак, овој сооднос не е рамномерен во сите основни училишта.

Во домен на пензиското и инвалидско осигурување, заклучно со август 2015 година, во општината имало вкупно 15.269 пензионери. Според видот на пензии, најголем број се корисници на старосна пензија (66,4%), по што следуваат корисници на семејна пензија (19%) и корисници на инвалидска пензија (9,3%).

Покриеноста со здравствено осигурување во општина Центар опфаќа голем број осигуреници и осигурени лица. Според основот на осигурување, доминантен број на осигуреници се лица со плата (54%), втора најбројна категорија се лица што не се осигурени по ниеден основ (23,9%) и трета најбројна категорија се пензионерите (20,38%). Анализирано според старосна граница, носителите на здравствено осигурување во општина Центар доминантно се на возраст од 31 до 60 години (58,5%), по што следува бројот на осигуреници на возраст над 60 години (23,4%).

Врз основа на административните податоци, се проценува дека стапката на покриеност со права од социјална заштита на ранливо население од општина Центар изнесува 2,04% во 2015 година. Бројот на жители од општина Центар што користеле поддршка од доменот на социјалната заштита преку општината, односно локалната власт, во периодот од 2012 до 2014 година се зголемил за 26,9%.

Детската заштита во облик на установи за згрижување на деца во општина Центар е покриена со три градинки, распоредени во 11 работни единици – објекти. Во 2014 година капацитетите на овие установи биле максимално искористени, односно забележителен е тренд на преоптовареност на постојните капацитети. Во изминатите пет години бројот на деца згрижени во детските градинки во општина Центар се зголемил за 14,6%. Бројот на вработени, исто така, се зголемил, односно во периодот од 2010 до 2014 година има зголемување за 13,6%.

Покрај жителите на општина Центар, голем број други граѓани остваруваат права и услуги преку здруженијата на граѓани што работат во општина Центар. Врз основа на податоците доставени од дел од овие организации се забележува тренд на зголемување на бројот на нивни корисници во изминатите две-три години. Профилот на корисници, согледан преку нивната економска активност, укажува дека најголем број корисници се вработени, како и ученици или студенти. Од аспект на социјални ризици, најчесто станува збор за нови социјални ризици, како што се: семејно насилство, ризици поврзани со ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции и инфекции на репродуктивниот тракт.

# ВОВЕД

Социјалната карта на општина Центар произлезе од неопходноста од согледување на актуелните демографски и социоекономски состојби во општината, со цел да се креираат локални политики и мерки што се засноваат и одговараат на обемот и на потребите на нејзините жители. Изработката на социјалната карта на општината е во согласност со актуелните стратегиски документи, како што се Стратегијата на Општина Центар-Скопје за социјална заштита за периодот 2015-2020 и Акциониот план по Стратегијата на Општина Центар-Скопје за социјална заштита 2015-2017.

Главна цел на социјалната карта на општината е идентификување на актуелната демографска структура на граѓаните и мапирање на социоекономските предизвици со кои тие се соочуваат. Во тој контекст се анализирани локалните состојби и потреби во повеќе домени, како што се: демографија, домување, пазар на труд, образование, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, социјална заштита и детска заштита. Во поголем број од овие домени ингеренциите за политиките и за мерките се во надлежност на централната власт. Сепак, преку социјалната карта општината се стреми да ги идентификува и непресретнатите потреби на граѓаните во овие домени за да понуди дополнителни мерки и услуги на локално ниво.

Поради специфичната местоположба општина Центар е простор на кој, покрај нејзините жители, на дневно ниво гравитираат многу поголем број граѓани. Од тие причини се наметнува обврската оваа социјална карта да не биде само приказ на состојбите и на потребите на нејзините жители туку и за други граѓани од градот и Републиката, кои своите проблеми и потреби ги манифестираат токму во општина Центар. Од тие причини е даден приказ на обемот и на профилот на корисници на социјални услуги преку здруженијата на граѓани што работат на територијата на општина Центар.

Покрај идентификуваната главна цел, социјалната карта тежнее да придонесе кон креирањето на локална социјална политика и социјална заштита што ќе биде: а) целно насочена, б) профилирана во согласност со белезите на нејзините жители, и в) искористена во функција на поголем социјален развој и социјално инвестирање во општината. Социјалната карта може да биде од интерес и за здруженијата на граѓани или други заинтересирани страни што имаат можности за нудење социјална поддршка или специфични услуги за социјално ранливи категории што живеат или престојуваат на територијата на општина Центар.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Методолошкиот пристап за изработка на социјалната карта на општина Центар се темели врз квалитативна методологија. Техниките што се употребени за добивање на информациите опфаќаат: 1) прибирање расположливи податоци од официјални статистички извори, 2) прибирање расположливи податоци од административни извори, 3) прибирање расположливи податоци од здруженија на граѓани што работат на територија на општина Центар, 4) експертски интервјуа и 5) фокус групи.

Податоците од официјалните статистички извори се искористени во домените на демографија, домување, социјална заштита и детска заштита. Врз основа на овие податоци презентирани се процени на населението во општината, состојбите со домувањето, како и бројот на корисници на права и услуги од социјална и детска заштита.

Информациите од административните извори на податоци се добиени за подиректен увид во однос на состојбите со пазарот на труд, пензиското и инвалидското осигурување и здравственото осигурување. Овие податоци беа од особено значење бидејќи во најголем број случаи тие беа класификувани според адресата на живеење на корисниците на специфични услуги. На тој начин можеше да се добие директен увид за обемот и за видот на поддршката што ја користат жителите на општина Центар.

За подетално идентификување на социјалните ризици што не се покриени со јавните социјални услуги беше применета техника на фокус групи. Беа реализирани четири фокус групи, а бројот на учесници во фокус групите беше меѓу 6 и 11 лица, жители на различни урбани заедници во општината. Фокус групите ги сочинуваа претставници на четири различни целни групи, и тоа: 1) млади невработени – вкупно 11 лица; 2) пензионери - вкупно 7 лица; 3) еднородителски семејства – вкупно 6 лица; и 4) корисници на дроги – вкупно 8 лица. Профилот на фокус групите беше направен поради доминантноста на овие проблеми на национално ниво (висока стапка на невработеност кај млади, продолжен очекуван животен век, зголемување на бројот на еднородителски семејства, како и злоупотреба на дроги). На фокус групите им беше дадено да пополнат идентификациски лист што содржеше прашања поврзани со: жителство во конкретната урбана заедница, брачен статус, економски статус, семеен статус, образовен статус и број на членови во домаќинството. Испитаниците одговараа на прашања од структуриран прашалник од отворен тип, со можност за дополнување на одговорите и отворање дополнителна дискусија. Фокус групите дадоа можност за добивање субјективни перцепции и оцени за предизвиците со кои се соочуваат и типот на социјални услуги што им недостигаат на граѓаните за нивна подобра социјална вклученост.

За дополнително утврдување на социјалните состојби во домаќинства со деца што се на предучилишна и на училишна возраст беа реализирани експертски интервјуа, со претставници на две основни училишта и три детски градинки што се наоѓаат на територијата на општина Центар. Претставниците на овие установи одговараа на структуриран прашалник од отворен тип. Податоците од овие интервјуа придонесоа за добивање индикативни податоци за бројот на домаќинства со деца што живеат во социјален ризик, за кои во иднина може да се развијат дополнителни социјални услуги.

Во интерес на добивање сеопфатни информации беше одржан состанок со претставници на здруженија на граѓани што работат на територија на општина Центар. Целта на средбата беше нивно вклучување во процесот на идентификување на ранливите социјални категории од општината и мапирање на социјалните услуги

насочени кон овие граѓани. На состанокот се дискутираше за: искуствената евиденција на овие здруженија во однос на профилот на ранливите социјални категории со кои работат, услугите што ги обезбедуваат, како и нивната процена на непресретнати потреби на социјално ранливите лица (поддршката што им недостига). Исто така, им беше изложен шаблон за добивање податоци за профилот на корисници на социјални услуги што тие ги опслужуваат. Врз основа на овој шаблон, поголем дел од здруженијата на граѓани што работат на територијата на општина Центар доставија одговори што беа искористени за добивање подетална слика за обемот на социјални услуги што се користат преку овие организации.

Изборот на применетата методологија беше условен од финансиските ограничувања и временските рокови.

Применетата методологија беше реализирана во временски период од четири месеци, односно од септември до декември 2015 година.

Реализацијата на избраната методологија беше придружена со низа тешкотии. Една од главните (очекувани) тешкотии, од технички карактер, се однесуваше на официјалните податоци во однос на процените на населението во општина Центар. Имено, во процените на населението според полот и возраста по општини[1], податоците за општина Центар се прикажани збирно заедно со општините Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Чаир, Шуто Оризари и Сопиште. Ова конкретно го отежна процесот на проценување на демографските состојби во општината. Предизвици од ист тип се појавија и во однос на прибирањето податоци од административните извори, каде што бројот на корисници на одредени услуги не беше евидентиран според општината, туку според местото (градот) на живеење. Ваквите реални препреки придонесоа податоците во социјалната карта да бидат прикажани преку алтернативни извори на податоци (на пример, една од процените за демографскиот профил на населението во општината е добиена преку статистиката на Фондот за здравствено осигурување). Поради истите причини, податоците во социјалната карта може да не се репрезентативни, односно да не ја даваат вистинската слика на одредени состојби, особено поради процесите на внатрешна и на надворешна миграција за која нема официјални репрезентативни податоци. Сепак, податоците во социјалната карта се индикативни и може да бидат земени предвид за потребите при креирањето локална социјална поддршка на идентификуваниот социоекономски и демографски профил на општината. Сепак, напоменуваме дека е потребна особена претпазливост при интерпретирањето на некои од податоците, особено на оние што се поврзани со вкупниот број на население во општината.

Очекувани резултати од изработката на социјалната карта се:

- идентификување на демографскиот и на социо-економскиот профил на општината;
- мапирање на покриеноста со права и услуги од системот на образование, социјална заштита, социјално осигурување и детска заштита на жителите на општината;
- идентификување на дополнителни социјални ризици на ранливи категории граѓани;
- креирање на локални социјални услуги засновани врз искуствена евиденција.

[1] Државен завод за статистика (2014) „Процени на населението на 30.06.2013 и на 31.12.2013 година според полот и возраста, по општини и по статистички региони (НТЕС 3-2007 година)" http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=11

# 1 Демографски податоци за општина Центар

Населението во општина Центар има тенденција на постојан пораст. Без разлика дали станува збор за лица со постојано или со привремено место на живеење, за секој посетител на општина Центар е забележлив трендот на пораст и згуснување на бројот на жители во општината. Покрај природниот прираст, ова секако се должи и на механичкото движење на населението, односно на доселувањето и иселувањето. Точното утврдување на населението во општина Центар, во согласност со официјалните статистички податоци, е отежнато. Оваа состојба примарно е резултат на тоа што во последните 14 години нема нов попис на населението што го спроведува Државниот завод за статистика (ДЗС). Дополнително, во процените на населението, кои Државниот завод за статистика ги прави по општини на средина и на крајот на секоја година (последните со датум 30.06.2014 и 31.12.2014 година), податоците за општина Центар се прикажани збирно, заедно со општините Аеродром, Бутел, Кисела Вода, Чаир и Шуто Оризари, во графата „Скопје - останат дел". Конечно, официјалните податоци за механичкото движење на населението, односно миграциите, исто така, претставуваат дополнителна тешкотија, имајќи ги предвид предизвиците поврзани со нивната репрезентативност.

Сепак, добивањето приближна претстава за актуелниот број на население во општината и неговиот демографски профил претставува неопходна алатка во креирањето адекватни локални политики и мерки. За таа цел, во оваа социјална карта ќе бидат прикажани повеќе индиректни податоци што упатуваат на состојбите со населението, а кои се изведени како процена врз основа на официјални статистички и административни извори на податоци.

Споредбата на бројот на населението во општина Центар од 2002 година и неговото годишно менување во согласност со официјалните податоци на ДЗС за природното (наталитет и морталитет) и механичкото (миграции) движење на населението (прикажани во Табела 1) упатуваат дека во 2014 година во општина Центар живееле вкупно 47.392 лица.

**Табела бр. 1:** Население според Пописот во 2002 година и процени на население според природен прираст и механичко движење на населението

| 2002 | Вкупно население во општина Центар според Пописот во 2002 | | | | | 45.412 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРИРОДЕН ПРИРАСТ И МЕХАНИЧКО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕ | | | | | |
| | Родени | Умрени | Доселени | Отселени | Пораст на население | Вкупно население |
| 2003 | 1.211 | 990 | 872 | 888 | 205 | 45.617 |
| 2004 | 1.173 | 904 | 908 | 862 | 315 | 45.932 |
| 2005 | 481 | 634 | 641 | 484 | 4 | 45.936 |
| 2006 | 593 | 683 | 567 | 473 | 4 | 45.940 |
| 2007 | 586 | 634 | 476 | 380 | 48 | 45.988 |
| 2008 | 628 | 617 | 416 | 307 | 120 | 46.108 |
| 2009 | 613 | 604 | 345 | 196 | 158 | 46.266 |
| 2010 | 614 | 575 | 318 | 231 | 126 | 46.392 |
| 2011 | 684 | 610 | 186 | 147 | 113 | 46.505 |
| 2012 | 655 | 574 | 386 | 196 | 271 | 46.776 |
| 2013 | 729 | 625 | 400 | 244 | 260 | 47.036 |
| 2014 | 743 | 631 | 435 | 191 | 356 | 47.392 |

**Извор:** Сопствени пресметки врз основа на податоците од Државниот завод за статистика, Природно движење на населението, http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2; Државен завод за статистика, Миграции http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=9&rbrObl=2

Сепак, ваквата процена на населението не е доволно прецизна имајќи ги предвид дополнителните индикативни податоци. Имено, во согласност со бројките прикажани од Државната изборна комисија, Избирачкиот список на општина Центар во 2014 година го сочинувале 46.480 лица на возраст од 18 години нагоре. Ако во согласност со овој податок се направи процена на населението, така што на него се додадат податоците за бројот на население во општина Центар што произлегуваат од ДЗС, а се однесуваат на: а) живородени деца во општина Центар во 2014 година; б) деца во детски градинки во општина Центар во учебната 2014/2015 година; в) ученици во основни училишта во општина Центар во учебната 2014/2015 година и ученици во средни училишта во општина Центар во учебната 2014/2015 година (прикажани во Табела бр.2), тогаш произлегува дека бројот на населението во општина Центар во 2014 година изнесувал 61.664 лица.

**Табела бр. 2:** Процена на население во општина Центар во 2014 година

| 2014 година | Вкупно |
|---|---|
| Живородени деца во општина Центар | 743 |
| Деца во детски градинки во општина Центар | 2.135 |
| Ученици во основни училишта во општина Центар (2014/2015) | 5.985 |
| Ученици во средни училишта во општина Центар (2014/2015) | 6.321 |
| Број на лица од општина Центар во Избирачки список, на возраст 18+ | 46.480 |
| **ВКУПНО** | 61.664 |

**Извор:** Сопствена пресметка врз основа на податоците од: Државна изборна комисија, Избирачки список по изборни места, 2014, http://www.sec.mk/files/izbori2014/broj_na_izbiraci_po_IM.pdf; Државен завод за статистика, Макстат база, Статистика по општини http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOpstini/StatistikaPoOpstini.asp.

Оваа процена на населението, исто така, треба да се интерпретира со претпазливост, имајќи предвид дека податоците во неа, од една страна, вклучуваат лица што можеби не се жители на општина Центар (на пример, запишани ученици во средни училишта), како и лица што можеби не се вклучени во ниедна статистика (на пример, деца што не посетуваат градинки, ученици што го прекинале средното образование и сл.). Сепак, оваа процена се чини најприближна и индикативна за актуелниот број на жители во општината.

Процената на демографскиот профил на населението според возраст ќе биде направена врз основа на податок добиен од Фондот за здравствено осигурување (ФЗО), во однос на бројот на осигуреници и осигурени лица (членови на нивните семејства) за здравствено осигурување, со адреса на живеење во општина Центар. Потребна е особена претпазливост при интерпретирањето на овој податок, бидејќи податоците во ФЗО се доставуваат на доброволна основа и вкупната бројка (во зависност од фреквентноста на ажурирањето на податоците) може да вклучува лица што веќе не се активни корисници или жители на општина Центар (на пример, починати, иселени и сл.). Врз основа на овие податоци може да се увиди дека доминантна возрасна група во општина Центар е онаа на возраст од 31 до 60 години, по која следува возрасната група од 0 до 18 години.

**Табела бр. 3:** Процена на возрасната структура на населението во општина Центар, врз база на податоци за осигуреници и осигурени лица за здравствено осигурување во 2015 година

| Возрасна група | Вкупно |
|---|---|
| 0-18 години | 27,7 % |
| 19-30 години | 14,1 % |
| 31-60 години | 42,7 % |
| 60+ години | 15,3 % |

**Извор:** Фонд за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица и членови на нивни семејства, 2015 година

**Забелешка:** Да се погледне интерпретирањето на оваа Табела во погорниот пасус.

До добивањето официјални статистички податоци преку нов попис од Државниот завод за статистика, креаторите на локалните политики во општина Центар треба да изберат кој извор на податоци ќе го користат како најрепрезентативен за да може да биде употребен во функција на креирање адекватни мерки и услуги на локално ниво.

Дополнителните податоци што може да послужат за добивање преглед за природното движење на населението се прикажани подолу. Податоците говорат за континуиран тренд на зголемување на природниот прираст на населението во општина Центар во последните пет години (Табела бр. 4). Најголем број деца во општината се родени во брачна заедница (91%), додека другите се родени вон брак. Според етничка припадност, доминираат живородени деца од македонската етничка заедница (62%), потоа се децата од албанската етничка заедница (27%), по што следуваат живородени деца од ромската етничка заедница (4,3%).

**Табела бр. 4:** Живородени деца во општина Центар, според полот, брачноста и етницитетот на мајката, 2010-2014 година

| | Вкупно | Пол | | Брачност | | Етницитет на мајката | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | Во брак | Вон брак | Мак. | Алб. | Тур. | Ром. | Вла. | Срп. | Бош. | Ост. |
| 2010 | 614 | 312 | 302 | 526 | 88 | 407 | 109 | 9 | 56 | / | 5 | 5 | 13 |
| 2011 | 684 | 350 | 334 | 622 | 62 | 450 | 157 | 9 | 37 | 1 | 7 | 3 | 20 |
| 2012 | 655 | 339 | 316 | 590 | 65 | 412 | 165 | 7 | 35 | 1 | 16 | 2 | 17 |
| 2013 | 729 | 386 | 343 | 651 | 78 | 444 | 191 | 11 | 36 | / | 21 | 5 | 21 |
| 2014 | 743 | 366 | 377 | 679 | 64 | 466 | 206 | 8 | 32 | 2 | 8 | 9 | 11 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2

Сепак, споредено со другите општини во градот, општина Центар има помал природен прираст, односно официјалните податоци (Табела бр. 5) покажуваат дека општина Центар е четврта во градот по старост на нејзиното население. Ова упатува на обврската дека општината, покрај услугите и поддршката во детската заштита, треба да биде поангажирана за поддршка и на највозрасната популација што очигледно има сѐ поголем удел во вкупната популација во општината.

**Табела бр. 5:** Живородени деца, умрени и умрени доенчиња, склучени и разведени бракови, според местото на живеење или привремениот престој, по општини, трето тримесечје од 2015 година

| Општина | Живородени во земјата | Умрени | | Природен прираст | Бракови | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно умрени во земјата | од тоа: умрени доенчиња | | склучени бракови во земјата | разведени бракови во земјата |
| Скопје | 1.806 | 1.165 | 13 | 641 | 1.008 | 109 |
| Аеродром | 260 | 153 | - | 107 | 164 | 21 |
| Бутел | 126 | 64 | 1 | 62 | 67 | 4 |
| Гази Баба | 196 | 168 | 1 | 28 | 130 | 11 |
| Ѓорче Петров | 120 | 96 | 1 | 24 | 90 | 12 |
| Карпош | 170 | 179 | 1 | -9 | 105 | 15 |
| Кисела Вода | 184 | 139 | 3 | 45 | 104 | 10 |
| Сарај | 189 | 60 | - | 129 | 76 | 6 |
| Центар | 168 | 137 | 1 | 31 | 90 | 13 |
| Чаир | 288 | 129 | 3 | 159 | 104 | 12 |
| Ш. Оризари | 105 | 40 | 2 | 65 | 78 | 5 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2;

Од аспект на трендовите поврзани со смртност кај највозрасната популација (над 65 години), во последните пет години нема некои поголеми промени во општината и бројката се движи од 450 до 500 лица на годишно ниво.

**Табела бр. 6:** Умрени лица во општина Центар, по возраст и пол, 2010-2014 година

| Година | Вкупно | Над 65 години | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | М | Ж |
| 2010 | 575 | 452 | 220 | 232 |
| 2011 | 610 | 475 | 212 | 263 |
| 2012 | 574 | 449 | 204 | 245 |
| 2013 | 625 | 503 | 251 | 252 |
| 2014 | 631 | 488 | 215 | 273 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2

Наведените податоци поврзани со бројот на населението и демографскиот профил во општина Центар укажуваат на потреба од преземање дополнителни мерки и активности за утврдување на репрезентативната состојба со населението во општината. Од повеќето посочени статистички податоци со сигурност може да се заклучи дека бројот на населението што е прикажан во податоците од Пописот во 2002 година повеќе не е адекватен. Во согласност со тоа, потребно е да се направат дополнителни процени на населението што ќе бидат основа за предвидување на локалните стратегии и конкретните мерки и услуги на локално ниво. До тој момент процените што се истакнати во социјалната карта може да претставуваат индикативни податоци, врз чија основа ќе се креираат локалните планови и активности.

# Домување 2

Според податоците од последниот Попис, во 2002 година вкупниот број на сите видови живеалишта во општина Центар изнесувал 18.848. Во нив живееле вкупно 45.276 жители, поделени во 15.346 индивидуални домаќинства.

**Табела бр. 7:** Вид живеалиште, број и површина на станови, број на индивидуални домаќинства и просечна површина по член на индивидуално домаќинство, Попис 2002 година

| | Вкупно живеалишта | Вкупен број станови | Вкупна површина (во м²) | Површина на станови населени со индивидуални домаќинства | Број на индивидуални домаќинства во становите | Број на членови во индивидуални домаќинства | Просечна станбена површина по член на домаќинство (во м²) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕНТАР** | 18.848 | 18.835 | 1.371.812 | 1.118.578 | 15.346 | 45.276 | 24,7 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Макстат база http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/Saveshow.asp

Со текот на годините, со бројот на новоизградени станови се зголемувал и бројот на жители во општина Центар. Од анализата направена според бројот на изградени станови во периодот по последниот спроведен Попис, односно од 2003 до 2014 година се забележува пораст за 4.437 стана во општина Центар, што претставува зголемување од 23,5% во споредба со 2002 година.

**Табела бр. 8:** Број на изградени станови, вкупно во општина Центар и според корисна површина во м²

| Година | Број на изградени станови во општина Центар | Корисна површина во м² |
|---|---|---|
| 2003 | 340 | 31.497 |
| 2004 | 668 | 50.084 |
| 2005 | 537 | 39.453 |
| 2006 | 376 | 24.877 |
| 2007 | 195 | 13.459 |
| 2008 | 288 | 16.122 |
| 2009 | 257 | 17.081 |
| 2010 | 252 | 17.874 |
| 2011 | 318 | 20.906 |
| 2012 | 372 | 31.858 |
| 2013 | 470 | 35.794 |
| 2014 | 364 | 26.899 |
| **ВКУПНО 2003-2014 год.** | 4.437 | 325.904 |

**Извор:** Државен завод за статистика, Градежништво во РМ
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=12&rbrObl=20

# 3 Пазар на труд

Состојбите поврзани со пазарот на труд во општина Центар во најголем дел се преземени од административни извори. Официјалните статистички извори од Државниот завод за статистика, односно Анкетата за работна сила (АРС), не нудат увид во состојбите на пазарот на труд по општини, туку даваат само национален и регионален преглед. Од достапните официјални статистички податоци поврзани со пазарот на труд по општини, единствено достапен е податокот за активни деловни субјекти во општината.

**Табела бр. 9:** Активни деловни субјекти во општина Центар, 2009-2014 година

| Година | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **2009** | 6.931 | 3.123 | 3.595 | 107 | 106 |
| **2010** | 7.589 | 3.232 | 4.144 | 112 | 101 |
| **2011** | 7.173 | 3.600 | 3.348 | 126 | 99 |
| **2012** | 7.278 | 4.259 | 2.761 | 124 | 134 |
| **2013** | 6.840 | 3.868 | 2.687 | 127 | 158 |
| **2014** | 6.902 | 3.957 | 2.652 | 129 | 164 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/DelovniSubj/AktDelovniSubjekti/AktDelovniSubjekti.asp

Анализата на состојбите со активните деловни субјекти (табели бр. 9 и 10) укажува дека до 2012 година има нагорен тренд во нивниот број, особено во однос на микропретпријатијата. Од аспект на сектори на дејност, доминираат деловни субјекти што работат во секторот трговија на големо и на мало.

**Табела бр. 10:** Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, општина Центар, 2014, состојба 31 декември

| **Вкупно** | **6.902** |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 37 |
| Рударство и вадење камен | 17 |
| Преработувачка индустрија | 400 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 50 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 16 |
| Градежништво | 341 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 1.581 |
| Транспорт и складирање | 201 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 414 |
| Информации и комуникации | 373 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 136 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 139 |

| | |
|---|---|
| Стручни, научни и технички дејности | 1.396 |
| Административни и помошни услужни дејности | 358 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 94 |
| Образование | 106 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 325 |
| Уметност, забава и рекреација | 216 |
| Други услужни дејности | 702 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/DelovniSubj/AktDelovniSubjekti/AktDelovniSubjekti.asp

Увидот во обемот на деловните субјекти што функционираат во општина Центар може да се искористи за да се развие концептот на корпоративна општествена одговорност, како и за нивно вклучување во процесот на договарање и заедничко обезбедување социјална поддршка на локално ниво.

Од административните извори на податоци, односно од необјавените податоци на Агенцијата за вработување во РМ, првпат се доби увид во обемот и во профилот на лицата што се регистрирани како невработени, а кои се жители на општина Центар. Според добиените податоци, вкупниот број на регистрирани невработени од општина Центар во ноември 2015 година изнесувал 3.381 лице. Во оваа бројка влегуваат лицата што активно бараат работа (44,8%), како и другите невработени (55,1%). Врз основа на споредбите со другите општини во градот, може да се согледа дека во општина Центар, заклучно со ноември 2015 година, живеат вкупно 7,3% од вкупниот број на регистрирани невработени во град Скопје. Сепак, треба да се има предвид фактот што го дава Анкетата за работна сила 2014, а тоа е дека од вкупниот број на невработени во РМ, 65,9% како метод на барање работа ги користат контактите со Агенцијата за вработување. Тоа укажува дека бројот на невработени реално може да е поголем, односно дека не сите невработени се регистрираат во АВРМ.

**Табела бр. 11:** Преглед на вкупен број на активни баратели на работа и други лица кои бараат работа во општина Центар, со состојба 30.11.2015 година

| **општина Центар** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | Жени | Активни баратели на работа | Активни баратели на работа - жени | Други лица кои бараат работа | Други лица кои бараат работа - жени |
| **3.381** | 1.664 | 1.517 | 743 | 1.864 | 921 |

**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци

Во профилот на лица што се регистрирани како невработени во АВРМ, со место на живеење во општина Центар, доминираат: а) според возраст – повозрасни лица од 60 и повеќе години; б) според пол – нема значителни разлики меѓу обемот на невработените мажи и жени; в) според образовни квалификации – високообразовани лица; г) според должина на чекање вработување – краткорочно невработени; и д) според националност – Македонци. Подетален приказ е даден во графиконите подолу (графикони бр. 1, 2, 3 и 4).

**Графикон бр. 1:** Преглед на невработени лица според возрасна структура во општина Центар, со состојба 30.11.2015 година




**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци

**Графикон бр. 2:** Преглед на невработени лица во општина Центар, според степен на образование, со состојба 30.11.2015 година




**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци.

**Графикон бр. 3:** Невработени лица според време на чекање вработување во општина Центар, со состојба 30.11.2015 година




**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци.

**Графикон бр. 4:** Преглед на невработени лица во општина Центар, по националност, со состојба на 30.11.2015 година




**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци

Од вкупниот број регистрирани невработени лица од општина Центар, мал дел, односно 1,2% се инвалидни лица[2]. Профилот на невработени инвалидни лица покажува дека доминираат лица со пречки во психофизичкиот развој, како и лица со телесна инвалидност. Поголем дел од нив имаат пониски образовни квалификации, а според старосната структура доминираат лица од 35 до 39 години и лица од 50 до 54 години.

**Табела бр. 12:** Евидентирани невработени инвалидни лица според видот на инвалидноста, степенот на образование и старосната структура, со состојба 30.11.2015 година

| Вид инва-лидност | Воени инвал. | | Инвал. на труд | | Пречки во видот | | Пречки во слухот | | Пречки во говорот | | Телесна инвалид. | | Пречки во психоф. развој | | Комби. пречки | | Други категор. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж |
| | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 11 | 1 | 17 | 4 | 3 | 2 | 0 | 0 | 38 | 11 |

| Образовни квалификации | НКВ | | ПКВ и НСО | | КВ | | ВКВ | | ССО | | ВИШЕ СО | | ВИСОКО СО | | Магист. | | Доктори | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. |
| | 3 | 2 | 5 | 1 | 5 | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 18 | 5 |

| Возраст | од 15 до 19 год. | | од 20 до 24 год. | | од 25 до 29 год. | | од 30 до 34 год. | | од 35 до 39 год. | | од 40 до 44 год. | | од 45 до 49 год. | | од 50 до 54 год. | | од 55 до 59 год. | | 60 год. и пов. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. | Се | Ж. |
| | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 4 | 2 | 2 | 1 | 2 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |

**Извор:** Агенција за вработување на РМ, необјавени податоци

Идентификуваните белези на регистрираните невработени лица имаат цел да послужат за понасочено профилирање на мерките за невработените на локално ниво. Ова се наметнува како особена неопходност, имајќи предвид дека лицата што се регистрирани како пасивни невработени (или други лица што бараат работа) не се во можност да конкурираат за активните мерки за вработување на централно ниво.

Дополнително, од фокус групата со млади лица што се невработени и кои живеат во општина Центар беа истакнати предизвиците со кои тие се соочуваат на дневно ниво: партизираност при барање работа и вработување, обесхрабрување поради немање борба на квалитети, хиперпродукција на кадри, немање поддршка од факултетите за прво вработување, неможност за планирање на иднината, нереализираност.

Според нив, општината би требало да воспостави приоритетност за одредени активности во доменот на вработувањето на младите, како што се: изнаоѓање фондови за понуда на обуки, организирање средби меѓу фирми што работат во општина Центар и млади невработени, грантови за самовработување на лица со најдобри бизнис-идеи, обуки за креативни (не само бизнис) обуки и услуги.

[2] Терминологија преземена од АВРМ.

# Образование 4

Вклученоста во образовниот систем и поддршката што ја добиваат учениците во текот на образованието е една од главните претпоставки за нивна социјална вклученост, како и основа за долгорочно социјално инвестирање. Состојбите со вклученоста во образовниот систем во општина Центар покажуваат нагорен тренд, гледано во изминатите пет години. Вклученоста во образованието на девојчињата и момчињата во општина Центар не укажува на значителни разлики.

**Табела бр. 13:** Ученици во основни училишта, по пол и по учебни години во општина Центар

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| 2010/2011 | 4.146 | 2.021 | 2.125 |
| 2011/2012 | 4.143 | 2.086 | 2.057 |
| 2012/2013 | 4.194 | 2.121 | 2.073 |
| 2013/2014 | 4.226 | 2.070 | 2.156 |
| 2014/2015 | 5.985 | 2.921 | 3.064 |

**Извор:** Државен завод за статистика http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/OsnovnoObrazovanie/OsnovnoObrazovanie.asp

**Табела бр. 14:** Запишани ученици во основно образование од општина Центар, 2014-2015 година

| општина Центар | Вкупно | Ученици по одделенија | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| | 5.985 | 740 | 723 | 714 | 633 | 656 | 635 | 733 | 456 | 695 |

**Извор:** Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=42

Врз основа на запишаниот број на ученици и бројот на наставници во основните училишта во општина Центар, може да се забележи дека соодносот ученик - наставник во општина Центар е 13:1. Сепак, овој сооднос не е рамномерен во сите основни училишта.

**Табела бр. 15:** Наставници во основни училишта во општина Центар, по пол и по учебни години

| | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| 2010/2011 | 320 | 293 | 27 |
| 2011/2012 | 329 | 299 | 30 |
| 2012/2013 | 334 | 305 | 29 |
| 2013/2014 | 330 | 300 | 30 |
| 2014/2015 | 462 | 416 | 46 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/OsnovnoObrazovanie/OsnovnoObrazovanie.asp

Нагорен уписен тренд може да се забележи и во однос на средните училишта. Иако тие не се под ингеренција на локалната власт, се чини дека е од полза да се претстави и бројот на ученици во средните училишта во општина Центар. За разлика од родовата изедначеност во основните училишта, во средните училишта во општина Центар доминираат девојчињата.

**Табела бр. 16:** Ученици во средни училишта во општина Центар, по пол и по учебни години

| Учебна година | Вкупно | Ученички | Ученици |
|---|---|---|---|
| 2010/2011 | 6.256 | 3.543 | 2.713 |
| 2011/2012 | 6.239 | 3.582 | 2.657 |
| 2012/2013 | 6.342 | 3.588 | 2.754 |
| 2013/2014 | 6.337 | 3.517 | 2.820 |
| 2014/2015 | 6.321 | 3.537 | 2.784 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/SrednoObrazovanie/SrednoObrazovanie.asp

Со цел да се добијат попрецизни податоци за социјалните аспекти во образовниот систем, во продолжение ќе бидат искористени податоците добиени од експертските интервјуа од неколкумина претставници на основните училишта во општина Центар.

Искуствата од основните училишта во општина Центар покажуваат дека нема голем број на ученици чии семејства се корисници на социјална парична помош. Училиштата немаат формален регистар на социјално ранливи категории. Идентификацијата на учениците од социјално ранливите категории се врши преку: а) доставување потврда од семејството издадена од Центарот за социјална работа или б) преку идентификација од наставниците. На учениците од социјално ранливите категории им помага училиштето преку: бесплатна храна, екскурзии, материјали за работа. Исто така, се организираат акции со кои се собираат средства за нивните екскурзии, посети, полуматури, како и акции за собирање храна, облека, средства за хигиена, а потоа училиштето им ги донира на семејствата.

Најчести идентификувани социјални ризици што преовладуваат меѓу учениците во општина Центар се: деца од еднородителски семејства, деца од семејства со финансиски проблеми и деца без родители.

Основните училишта во општина Центар остваруваат соработка со надлежните институции од системот на социјална заштита кога за тоа се јавува потреба (на пример, со Центарот за социјална работа се соработувало при посредување во тешкотии при остварување видување на родител што нема добиено старателство над детето). Исто така, реализираат и повремена соработка со хуманитарни здруженија (на пример, Црвен крст), со граѓански здруженија/невладини организации, со кои се организираат работилници на различни теми (насилство, род и сл.), се делат брошури за дроги, сексуално образование, односи и врски и се спроведуваат едукативни активности на овие и на слични теми.

Претставниците на основните училишта во општина Центар, со кои е контактирано, наведуваат дека ангажирањето социјален работник (преку вработување или волонтирање) во училиштата може да придонесе за поголема ефективност во идентификувањето и пресретнувањето на проблемите на школските деца што живеат во социјален ризик.

# Пензиско и инвалидско осигурување 5

Имајќи го предвид демографскиот профил во општина Центар, а според кој таа се карактеризира со помал природен прираст и е четврта општина во градот по старост на населението (по Карпош, Ѓорче Петров и Гази Баба), покриеноста со старосно осигурување е од исклучителна важност.

Според статистичките податоци добиени од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (Табела бр. 17), заклучно со август 2015 година, во општината има вкупно 15.269 пензионери. Според видот на пензии, најголем број корисници добиваат старосна пензија (66,4%), потоа се корисниците на семејна пензија (19%) и корисниците на инвалидска пензија (9,3%).

**Табела бр. 17:** Корисници на пензиско осигурување од општина Центар, август 2015 година

| Вид на пензија | општина Центар | | |
|---|---|---|---|
| | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| Старосна пензија | 5.125 | 5.015 | 10.140 |
| Семејна пензија | 226 | 2.674 | 2.900 |
| Инвалидска пензија | 705 | 727 | 1.432 |
| Старосна воена пензија | 330 | 3 | 333 |
| Семејна воена пензија | 4 | 370 | 374 |
| Воена инвалидска пензија | 87 | 2 | 89 |
| Семејна земјоделска пензија | / | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **6.477** | **8.792** | **15.269** |

**Извор:** Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Корисници на права од пензиско и инвалидско осигурување од општина Центар, август 2015 година

Според родовиот профил на пензиските корисници, жените преовладуваат во однос на користењето семејна пензија. Таквата специфика е во согласност со националните демографски трендови, односно повисоката стапка на очекуван животен век кај жените.

Просечната пензија на корисниците од општина Центар не е достапна, па како индикација е приложена просечната пензија според вид на пензија на ниво на РМ (Табела бр.18). Врз основа на приложените податоци може да се види дека просечната старосна пензија на ниво на РМ (што доминира како форма во општина Центар) изнесува 13.833 денари.

**Табела бр. 18:** Просечна пензија за август 2015 година на ниво на Република Македонија

| Вид на пензија | Просечен износ според вид на пензија |
|---|---|
| Просечна старосна пензија | 13.833,00 |
| Просечна инвалидска пензија | 11.177,00 |
| Просечна семејна пензија | 9.832,00 |
| Просечна земјоделска пензија | 5.526,00 |
| Просечна воена пензија | 19.642,00 |
| Вкупно просечна пензија | 12.463,00 |

**Извор:** Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Корисници на права од пензиско и инвалидско осигурување, август 2015 година

Имајќи го предвид трендот на продолжен животен век, од особена важност се наметнуваат и услугите што се насочени кон старите лица. Сместувачките капацитети за стари лица (домови за стари лица), кои се во надлежност на општините (Куманово, Скопје, Прилеп и Битола), имаат ограничен капацитет. Заклучно со ноември 2014 година, вкупниот капацитет на четирите јавни општински установи - домови за стари лица располагал со 610 места, во кои биле сместени 537 корисници[3].

**Табела бр. 19:** Сместувачки капацитети на јавните општински установи - домови за стари лица

| Назив на домот | Вкупен капацитет | Број на корисници |
|---|---|---|
| Дом „Зафир Сајто“-Куманово | 199 | 165 |
| Дом „Мајка Тереза“-Скопје | 111 | 88 |
| Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“-Прилеп | 150 | 137 |
| Дом за стари лица „Сју Рајдер“-Битола | 150 | 147 |

**Извор:** Народен правобранител на РМ, 2015 година

Како индикација за користењето на сместувачките капацитети од повозрасните лица од општина Центар, во Домот „Мајка Тереза“ – Скопје, како и во некои од приватните установи за социјална заштита на стари лица („Резиденција Дабески“, „Јелисавета“, „Мери Терзиева – Идила“), од вкупниот број повозрасни лица во овие установи, 38 имаат лична карта со адреса во општина Центар. Исто така, според информациите добиени од приватните агенции за вработување, има голема побарувачка за негувателки на стари лица од семејствата во општина Центар.

Дополнителни индикативни информации се добиени од фокус групата составена од пензионери што живеат во општина Центар. Главни предизвици со кои тие се соочуваат се: неможност да ги покријат трошоците на поширокото семејство со пензијата во ситуации каде што таа е главен извор на приходи, неможност поради финансиски причини да се посетуваат културни настани во текот на годината, немање пристапни услуги во урбаните заедници во кои живеат (на пример, аптека, банка, автобуска постојка и сл.).

Главен приоритет на кој треба да се работи, според пензионерите од општина Центар, е формирање пунктови во урбаните заедници, каде што освен од еден администратор, тие може да бидат опслужувани од оние пензионери што се витални, односно да даваат услуги за кои имаат квалификации (на пример, пензионирани доктори, правници, социјални работници и сл.). На овој начин може да се зголеми социјалната вклученост не само на изнемоштените стари лица туку и севкупната социјална вклученост на повозрасната популација во општина Центар.

[3] Народен правобранител (2015), Информација за општата состојба и остварувањето на правата на старите лица во домовите за стари лица во Република Македонија, Скопје http://ombudsman.mk/upload/documents/2015/Predmetno%20rabotenje-Informacii/Informacija%20starski%20domovi-2015.pdf

# Здравствено осигурување 6

Здравственото осигурување во РМ, покрај задолжителниот карактер, се базира и врз принципот на солидарност. Ова значи дека лицата што не се директни осигуреници имаат можност, по различна основа, да добијат пристап до здравствено осигурување (сродство, невработени лица што се пријавени во Агенцијата за вработување и сл.). Во тој контекст, тенденција на здравственото осигурување е да има широка покриеност на населението.

Од податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување (ФЗО) се добива преглед на активните пријави во здравственото осигурување за осигурениците со место на живеење во општина Центар. Како што беше истакнато и претходно, неопходна е посебна претпазливост во толкувањето на конкретните податоци од ФЗО и тоа мора да ги земе предвид сите елементи, како од аспект на релевантноста поврзана со процесот на ажурирање на податоците, така и движењето (природно/механичко) на населението и други слични фактори.

**Графикон бр. 5:** Преглед на активни пријави во здравствено осигурување (пријави 301) за осигуреници со место на живеење во општина Центар, по основ на осигурување




**Извор:** Фонд за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица од општина Центар по основа на осигурување, 2015 година

Според основот на осигурување, доминантен број на осигуреници се лицата со плата (54%), втора најбројна категорија се лицата што не се осигурени по ниедна основа (23,9%) и трета најбројна категорија се пензионерите (20,38%).

Анализирано според староснa граница, носителите на здравственото осигурување во општина Центар доминантно се на возраст од 31 до 60 години (58,5%), потоа е бројот на осигуреници на возраст над 60 години (23,4%).

**Графикон бр. 6:** Преглед по старосни групи за осигуреници со активна пријава 301 и со место на живеење во општина Центар




**Извор:** Фонд за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица од општина Центар по основа на осигурување, 2015 година

Во однос на искористеноста на исплатените боледувања кај осигурениците за здравствено осигурување од општина Центар постои тренд на намалување на нивниот број. Од 2013 година заклучно до август 2015 година бројот на лица што искористиле породилно боледување се намалил за 45%, додека за истиот период бројот на лица што искористиле други боледувања се намалил за незначителни 2,06%.

**Табела бр. 20:** Преглед на исплатени боледувања и породилни боледувања за осигуреници со место на живеење во општина Центар

| Година | Породилни боледувања | Останати боледувања | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2013 | 2.262 | 969 | 3.231 |
| 2014 | 1.979 | 959 | 2.938 |
| 2015 | 1.194 | 949 | 2.143 |

**Извор:** Фонд за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица, 2015 година

# Социјална заштита 7

Врз основа на фактот дека општина Центар има пониска стапка на регистрирани невработени лица (7,1%), очекувано е дека побарувачката и покриеноста со права и со услуги од социјална заштита е со помал обем. Врз основа на профилот на социјално ранливи категории што се добиени преку Фондот за здравствено осигурување (лица корисници на социјална заштита, невработени лица додека примаат паричен надоместок и лица што не се осигурени по ниедна основа), направена е процена на стапката на покриеност со права од социјална заштита на ранливо население од општина Центар, која изнесува 2,04% во 2015 година.

**Табела бр. 21:** Процена на население што е покриено со социјална заштита во општина Центар, 2015 година

| Проценет број на лица што се покриени со социјална заштита во општина Центар | општина Центар (носители) | општина Центар (членови на семејства) |
|---|---|---|
| Лица корисници на социјална заштита | 424 | 188 |
| Стапка на покриеност со социјална заштита на ранливо население | 2,04 % | / |

**Извор:** Сопствена пресметка врз основа на податоци од Фондот за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица според основа на осигурување, 2015 година

Дополнителен увид во покриеноста со социјална заштита е добиен од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје, преку кој во 2015 година 221 лице од општина Центар биле корисници на права насочени кон население со најнизок животен стандард.

**Табела бр. 21:** Корисници на права од социјална заштита на територија на општина Центар, заклучно со септември 2015 година

| Корисници на права од социјална заштита на територија на општина Центар | 2015 |
|---|---|
| Социјална парична помош | 147 |
| Условен паричен надоместок | 13 |
| Надоместок за енергетска сиромаштија | 61 |

**Извор:** Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, 2015 година

Гледано низ правата и услугите за социјална заштита што жителите на Центар ги користеле преку општината, може да се забележи нагорен тренд во однос на користењето и покриеноста со права. Имено, од 2012 до 2014 година бројот на лица од општина Центар што користеле поддршка од доменот на социјалната заштита преку локалната власт се зголемил за 26,9%.

**Табела бр. 22:** Број на лица покриени со права и услуги од социјална заштита од општина Центар, 2013-2014 година

| Број на лица покриени со социјални услуги од општина Центар | 2012 | 2013 | 2014 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за новородено дете | 252 | 346 | 412 | 1.010 |
| Доделено огревно дрво на корисници на СПП | 180 + 16 (доделени за бадникарски оган) | 78+48 (доделени за бадникарски оган) | 54+64 (доделени за бадникарски оган) | 1.440 |
| Еднократна парична помош за нарушена социјална и здравствена состојба | 80 | 78 | 140 | 298 |
| **Вкупно** | **528** | **550** | **670** | |

**Извор:** Општина Центар-Скопје, 2015 година

Врз основа на реализираните фокус групи со жителите на општина Центар добиени се дополнителни информации за предизвиците со кои се соочуваат лицата што живеат во еднородителски семејства и лицата корисници на дроги.

Главните предизвици со кои се соочуваат еднородителските семејства се од финансиски карактер. Често нивните проблеми се поврзани и со остварувањето на одредени права, како што е, на пример, право на издршка на малолетни деца. Остварувањето на образовните потреби е поврзано со голем број финансиски препреки, за кои тие чувствуваат дека не се воопшто или доволно поддржани. На пример, родител што зема детски додаток во износ од 500 денари месечно по дете, плаќа 1.500 денари месечно по дете за градинка.

Според претставниците на еднородителските семејства од општина Центар, постои чувство на недоволна поддршка на овој вид семејства, особено во однос на вработувањата. Според нив, треба поистакнато да се поддржат децата што доаѓаат од еднородителски семејства, во смисла на олеснување на нивните трошоци за образовование, како и приоретизирање на нивното вработување. Исто така, тие сметаат дека треба да постои поголемо координирање меѓу Општината, центрите за социјална работа и агенцијата/центрите за вработување.

Корисниците на дроги, како специфична социјално ранлива категорија, наведоа низа предизвици со кои се соочуваат во својот секојдневен живот. Меѓу главните предизвици што ги истакнаа се: дискриминирачки однос при барање работа, одбивање да им се дадат услуги од аптеки, стоматолози и сл., како и барање дополнителни потврди (за статусот на ХИВ и хепатит Ц) за да добијат здравствена услуга, непостапување на брзата помош кога се во прашање корисници на дроги, насилен и арогантен однос кон нив од страна на полицијата. Ваквите предизвици ја отежнуваат нивната поширока интеграција во општеството.

Според нив, приоритети на кои дека треба да се работи за да се подобри нивниот социоекономски статус се: зголемување на бројот на работилници и програми организирани од Општината за обуки, реинтеграција, рехабилитација и ресоцијализиација. Исто така, сметаат дека во Општината треба да има ангажирано претставник што ќе се залага за интересите на маргинализираните заедници, како што е нивната.

# Детска заштита 8

Во рамките на установите за згрижување и воспитание – детски градинки, кои се под ингеренција на локалните власти, во општина Центар има вкупно три градинки, распоредени во 11 работни единици – објекти. Во 2014 година капацитетите на овие установи биле максимално искористени, односно забележителен е тренд на преоптовареност на постојните капацитети.

**Табела бр. 23:** Основни податоци за установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки во општина Центар, 2014 година

| Вкупно установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки | Деца што не се примени поради пополнет капацитет | Вкупен капацитет (број на легла) | Искористеност на капацитетот (број на легла) |
|---|---|---|---|
| 3 | - | 1.535 | 2.025 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.03.pdf

Во изминатите пет години бројот на деца згрижени во детските градинки во општина Центар се зголемил за 14,6%. Бројот на вработени, исто така, се зголемил за 13,6% во периодот од 2010 до 2014 година.

**Табела бр. 24:** Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание - детски градинки по пол и по години во општина Центар

| | Деца | | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Женски | Машки | Вкупно | Жени | Мажи |
| 2010 | 1.863 | 964 | 899 | 280 | 262 | 18 |
| 2011 | 1.866 | 975 | 891 | 282 | 263 | 19 |
| 2012 | 2.023 | 1.027 | 996 | 284 | 266 | 18 |
| 2013 | 2.071 | 1.036 | 1.035 | 284 | 267 | 17 |
| 2014 | 2.135 | 1.054 | 1.081 | 318 | 298 | 20 |

**Извор:** Државен завод за статистика
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/SosijalnaStat/DetsakZastita/DetsakZastita.asp

Во учебната 2014-2015 година од вкупно 2.135 деца, 14% биле згрижени во јасли, 9,8% во комбинирани групи, а сите други во регуларните групи во градинките.

**Табела бр. 25:** Деца на возраст од 0 до 6 години опфатени со предучилишно образование во општина Центар, 2014-2015 година

| | Групи | Деца |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 95 | 2.135 |
| Јасли | 18 | 229 |
| Градинки | 68 | 1.696 |
| Комбинирана група | 9 | 209 |
| Деца со пречки во интелектуалниот или во физичкиот развој | - | 1 |

**Извор:** Државен завод за статистика http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.03.pdf

Од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа на Град Скопје е добиен преглед на корисниците на права од детска заштита од подрачјето на општина Центар. Заклучно со септември 2015 година имало 16 корисници на правото на детски додаток, кои се жители на општина Центар. Податоците за периодот 2013-2015 година укажуваат на зголемен тренд на користење на правото на родителски додаток за трето дете во општина Центар.

**Табела бр. 26:** Корисници на права од детска заштита од жители во општина Центар

| | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Корисници на додаток за трето дете | 134 | 160 | 170 |
| Корисници на додаток за четврто дете | 4 | 4 | 4 |
| **Вкупно** | **138** | **164** | **174** |

**Извор:** Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, 2015 година

Врз основа на податоците доставени од детските градинки во општина Центар, одреден број семејства го искористуваат и правото на ослободување од плаќање партиципација. Вкупно 1,22% од децата запишани во градинките во општина Центар го искористиле ова право во 2015 година. Основа за искористување на ова право во споменатите градинки најчесто е: деца без родители и родителска грижа, деца што се вклучени во проектот „Инклузија на деца - Роми" и деца на родители учесници во безбедносните сили (бранители).

**Табела бр. 27:** Број на деца корисници на право на партиципација во детските градинки во општина Центар, 2015 година

| Деца ослободени од плаќање партиципација | „Кочо Рацин" | „13 Ноември" | „Раде Јовчевски–Корчагин" | % од вкупниот број запишани деца во градинки во општина Центар |
|---|---|---|---|---|
| 2015 | 7 | 1 | 18 | 1,22% |

**Извор:** Доставени податоци од детските градинки „Кочо Рацин", „13 Ноември" и „Р.Ј. Корчагин", 2015 година

Врз база на реализираните експертски интервјуа со претставниците на детските градинки во општина Центар добиени се дополнителни податоци за социјално ранливите категории и за поддршката на децата во градинките во општина Центар. Најчест социјален ризик, кој е идентификуван меѓу децата во градинките, е припадноста на еднородителски семејства, односно деца што живеат со самохрани мајки. Организирањето хуманитарни акции (облека, храна) за децата од социјално ранливите категории е единствена дополнителна активност што се обезбедува преку градинките за овие деца. Од искуството на едната градинка, која единствена во општината има вработено социјален работник, забележителна е огромна полезност од вклучувањето на овој стручен профил, особено во однос на идентификацијата и надминувањето на проблемите, како и во однос на соработката со Центарот за социјална работа.

# 9 Корисници на услуги од здруженија на граѓани што работат на територија на општина Центар

Поради специфичната местоположба, општина Центар е простор во кој транзитираат и користат услуги на дневно ниво голем број граѓани што не се нејзини жители. Своите потреби за одредени социјални услуги тие ги задоволуваат преку здруженијата на граѓани што работат на територија на општина Центар. За таа цел, во продолжение е даден приказ на дел од услугите на две здруженија на граѓани Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување и ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, како индикција за обемот и видот на социјалните услуги со кои ги опслужуваат граѓаните, како и за обемот и профилот на нивните корисници.

Може да се забележи дека во изминатите две-три години е зголемен трендот на користење на услугите преку овие граѓански организации. Профилот на корисници, согледан преку нивната економска активност, укажува дека најголем број од корисниците се вработени, како и ученици или студенти. Од аспект на социјални ризици, најчесто се користеле услугите поврзани за поддршка при семејно насилство, користењето и зависноста од дрога, услуги поврзани со ХИВ/СИДА и со други сексуално преносливи инфекции и инфекции на репродуктивниот тракт.

**Табела бр. 28:** Корисници на услуги од Прв семеен центар – Х.Е.Р.А., 2014-2015 година

| Белези на корисниците на социјални услуги | 2014 | | 2015 | |
|---|---|---|---|---|
| Број на опслужени социјално ранливи категории според пол | М | Ж | М | Ж |
| | 70 | 96 | 61 | 107 |
| Број на опслужени социјални ранливи категории вкупно | 166 | | 168 | |
| **Економска активност на корисниците** | | | | |
| Неработоспособен поради возраст | 13 | | 12 | |
| Неработоспособен поради попреченост | / | | | |
| Невработен | 32 | | 39 | |
| Вработен | 70 | | 64 | |
| Ученик/Студент | 40 | | 44 | |
| Друго | 11 | | 9 | |
| Осигуреници или осигурени лица со здравствена заштита | 161 | | 165 | |
| **Вид на социјалната услуга што ја користи** | | | | |
| Советување со социјален работник | 256 | | 263 | |
| Советник/психотерапевт жртва на семејно насилство | 304 | | 313 | |
| Советник/психотерапевт сторител на семејно насилство | 90 | | 91 | |
| Советник/психотерапевт малолетно дете | 111 | | 114 | |
| Советник/психотерапевт советување на друг член на семејството | 112 | | 120 | |
| Правни услуги | 20 | | 24 | |

**Извор:** Х.Е.Р.А., 2015 година

Иако се прикажани само услугите на две здруженија на граѓани што работат на територијата на општина Центар[4], може да се забележи дека доминатно се работи на нови социјални ризици што преовладуваат во општеството. Од исклучителна важност е тоа што ако овие социјални ризици не се пресретнат преку понудените услуги, тие ќе имаат негативно влијание (социјално, здравствено, безбедносно и сл.) врз пошироката средина. Од тие причини се наметнува потребата општината да развие фондови за поддршка на здруженијата на граѓани што работат на нејзина територија, со цел одржување и развивање на социјални услуги, особено во контекст на новите социјални ризици.

**Табела бр. 29:** Корисници на услуги од Младински центар Водно, Х.Е.Р.А., 2014-2015 година

| Белези на корисниците на социјални услуги | 2014 | | 2015 | |
|---|---|---|---|---|
| Број на опслужени социјално ранливи категории според пол | М | Ж | М | Ж |
| | 294 | 383 | 293 | 271 |
| Број на опслужени социјални ранливи категории вкупно | 682 | | 569 | |
| **Економска активност на корисниците** | | | | |
| Неработоспособен поради возраст | 3 | | 5 | |
| Неработоспособен поради попреченост | / | | / | |
| Невработен | 132 | | 106 | |
| Вработен | 188 | | 176 | |
| Ученик/Студент | 327 | | 236 | |
| Друго | 16 | | 11 | |
| Осигуреници или осигурени лица со здравствена заштита | 558 | | 364 | |
| **Вид на социјалната услуга што ја користи** | | | | |
| Абортус | 8 | | 4 | |
| Контрацепција | 40 | | 28 | |
| Сексуално преносливи инфекции (СПИ)/инфекции на репродуктивен тракт (ИРТ) | 432 | | 505 | |
| Акушерство | 13 | | 2 | |
| Гинекологија | 444 | | 391 | |
| Други специјализирани типови услуги/советувања | 500 | | 252 | |
| ХИВ и СИДА | 446 | | 709 | |
| Дерматологија | 426 | | 280 | |
| Препраќање | 11 | | 7 | |

**Извор:** Х.Е.Р.А., 2015 година

[4] Поканата за доставување податоци од здруженија на граѓани што работат во општина Центар беше доставена до голем број организации. Поради специфичноста на работата на некои од овие организации (на пример, фокус врз подигнувањето на јавната свест), тие не беа во можност да достават податоци на начинот на кој им беше побарано. Други организации не беа во можност навреме да достават податоци, а некои, пак, воопшто не се одзваа на поканата за доставување податоци. Од тие причини, во социјалната карта се внесени информациите само од оние здруженија на граѓани што навреме и во согласност со бараните индикатори доставија податоци.

Горенаведеното особено се наметнува како неопходност, имајќи предвид дека дел од фондовите на овие здруженија на граѓани имаат ограничен рок. Така, на пример, завршувањето на финансиската поддршка што ја добива Здружението на граѓани ХОПС (како и Х.Е.Р.А.) преку Глобалниот фонд во однос на програмата „Намалување на штети", а која има голем број корисници, може сериозно да влијае врз здравствениот статус не само на корисниците на оваа програма туку да предизвика и пошироко негативно влијание од аспект на зголемување на бројот на заразни инфекции и болести во пошироката средина.

**Табела бр. 30:** Корисници на услуги во ХОПС, 2013-2015 година

| | 2013 | | 2014 | | 2015 (заклучно со 30.9.2015) | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Лица што употребуваат дроги | | | | | |
| **Нови контактирани клиенти** | 232 | | 282 | | 109 | |
| | м | ж | м | ж | м | ж |
| | 192 | 40 | 243 | 39 | 96 | 13 |
| **Различни клиенти** | 852 | | 878 | | 752 | |
| **Вкупен број на посети преку сите сервиси** | 25.672 | | 28.110 | | 20.600 | |

**Извор:** ХОПС, 2015 година

**Забелешка:** Во податоците за лица што употребуваат дроги се сумирани податоците од центрите и од терен за намалување на штетите од употреба на дроги и од Дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисници на дроги.

# Користена литература и референци

Агенција за вработување на РМ, Преглед на вкупен број на активни баратели на работа и други лица што бараат работа во општина Центар, со состојба на 30.11.2015 година, необјавени податоци

Државен завод за статистика (2015), Основни податоци за установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки, во општина Центар, 2014
http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.03.pdf

Државен завод за статистика (2015), Анкета за работна сила 2014, Скопје: Државен завод за статистика
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=3&rbrObl=14

Државен завод за статистика (2014) „Процени на населението на 30.06.2013 и 31.12.2013 година според пол и возраст, по општини и по статистички региони (НТЕС 3-2007 година)"
http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=11

Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2

Државен завод за статистика, Миграции
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=9&rbrObl=2

Државна изборна комисија, Избирачки список по изборни места, 2014
http://www.sec.mk/files/izbori2014/broj_na_izbiraci_po_IM.pdf

Државен завод за статистика, Макстат, Статистика по општини
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOpstini/StatistikaPoOpstini.asp

Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=9&rbrObl=2

Државен завод за статистика, Природно движење на населението
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=10&rbrObl=2

Државен завод за статистика, Попис на население 2002 по општини, Макстат база
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/Пописи/Попис%20на%20население%202002%20по%20општини/Попис%20на%20население%202002%20по%20општини.asp

Државен завод за статистика, Градежништво во РМ
http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=12&rbrObl=20

Државен завод за статистика, Активни деловни субјекти
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/DelovniSubj/AktDelovniSubjekti/AktDelovniSubjekti.asp

Државен завод за статистика, Ученици во основни училишта, по пол и по учебни години во општина Центар
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/OsnovnoObrazovanie/OsnovnoObrazovanie.asp

Државен завод за статистика, Запишани ученици во основно образование од општина Центар, 2014-2015
http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=42

Државен завод за статистика, Ученици во средни училишта во општина Центар, по пол и по учебни години
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/ObrazovanieNauka/SrednoObrazovanie/SrednoObrazovanie.asp

Државен завод за статистика, Детска заштита, Деца и вработени во установи за згрижување и воспитание - детски градинки по пол и по години во општина Центар
http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Database/StatistikaPoOblasti/SosijalnaStat/DetsakZastita/DetsakZastita.asp

Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, Информација за корисници на права од социјална заштита на подрачје на општина Центар, заклучно со септември 2015 година, Скопје

Народен правобранител (2015), Информација за општата состојба и остварувањето на правата на старите лица во домовите за стари лица во Република Македонија, Скопје
http://ombudsman.mk/upload/documents/2015/Predmetno%20rabotenje-Informacii/Informacija%20starski%20domovi-2015.pdf

Општина Центар (2015), Стратегија на Општина Центар за социјална заштита за периодот 2015-2020 година, Скопје: Општина Центар

Општина Центар (2015), Акционен план по Стратегијата на Општина Центар за социјална заштита 2015-2017 година, Скопје: Општина Центар

Општина Центар (2015), Информација за број на лица покриени со права и услуги од социјална заштита од општина Центар, 2013-2014

Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, Информација за корисници на права од пензиско и инвалидско осигурување од општина Центар со состојба од август 2015 година, Скопје: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување

Фонд за здравствено осигурување, Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица од општина Центар по основа на осигурување во 2015 година, Скопје: Фонд за здравствено осигурување

Фонд за здравствено осигурување (2015), Преглед на активни пријави (301) на осигурени лица и членови на нивни семејства, Скопје: Фонд за здравствено осигурување

